Влада на Република Северна Македонија

Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) е формирано со одлука на Влада на седница одржана на 17 април 2018 година (Сл. весник бр. 69/2018 од 19.04.2018, Сл. весник бр. 75 од 10.4.2019 година).

Телото е составено од 14 члена и нивни заменици, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претставници од 11 министерства- Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за правда, Министерство за култура, Министерство за финансии, Министерство за надворешни работи, Министерство за локална самоуправа и Секретаријат за европски прашања, претставници од Националниот Совет на инвалидски организации на Македонија и од Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби. Согласно Деловникот за работа на телото и Одлуката за формирање на телото, мандатот на членовите и заменици членови на телото е во траење од четири години. Седниците на Националното координативно тело се одржуваат еднаш месечно, согласно Деловникот за работа на телото, а одлуките за реализација на активностите се носат со мнозинско гласање на присутните членови.

Извештајот за 2021 година се состои од извештај за реализираните активности на Националното координативно тело, како и извештај за реализираните активности на министерствата кои се членови на координативното тело.

Во однос на реализираните активности на Националното координативно тело, во текот на 2021 година активно учествуваше во имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади, базирана на Меѓународната Класификација на функционирање, која беше една од препораките од страна на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост. За таа цел, работна група составена од претставници од сите засегнати министерства и институции пристапи кон измени и дополнувања на Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата, каде што се постави правната основа за реформата на системот на проценка, а со измените на Законот за здравствено осигурување, корисниците на оваа услуга се ослободени од партиципација. Измените и дополнувањата на законите поминаа во собраниска процедура во декември 2021 година и се на сила. Паралелно се работеше и на измени во Законот за здравствена заштита, со кој се прошируваат ингеренциите

на Здравствен Дом- Скопје да може да основа свои стручни тела за функционална проценка и во други градови, освен во Скопје. Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита исто така беше ставен во собраниска процедура, но потоа беше повлечен поради спорност на одредени измени во други области од законот. Во овој период Министерството за здравство работи на подобрување на законските измени.

Во текот на 2021 година, Националното координативно тело иницираше и беше вклучено во измени на Законот за авторски права и други сродни права, каде што се даде правна основа за ратификација на Договорот од Маракеш со кој се олеснува пристапот до објавени дела за лицата со оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали. Согласно Програмата на Влада за 2022 година, предвидено е усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторски права и други сродни права.

Согласно Законот за високо образование, Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност во владина процедура достави предлог Уредба за правото на лицата со попреченост и на другите лица да бидат ослободени од партиципација за студирање. Националното координативно тело преку свои механизми даде значаен придонесе во подобрување на содржината на текстот на Уредбата, со цел усогласување со начелата со Конвенцијата. Со Уредбата се уредува правото на лицата со попреченост и на другите лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, и тоа запишани на прв, втор и трет циклус на студии на јавните високообразовни установи,

Во насока на подобрување на физичката пристапност до и во јавните објекти, НКТ даде свој придонес и во Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026 година, каде носител е Министерството за локална самоуправа.

Во текот на 2021 година, НКТ достави мислење до Државниот Завод за статистика во насока на подобрување на содржината на прашањата кои се однесуваат на лицата со попреченост и во согласност со Конвенцијата. Истовремено, иницираше и средба на која присуствуваа претставници од организациите на лицата со попреченост, како и претставник од тимот за мониторинг на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Поради кратките рокови и одредени правно-

административни ограничувања, содржината на Прашалникот не беше подобрена, но се донесе предлог Државниот Завод за статистика да спроведе дополнително статистичко истражување за лицата со попреченост.

Во текот на 2021 година, Националното координативно тело активно соработуваше со агенциите на Обединетите нации во Република Северна Македонија и беше вклучено во развој на програмата „Од знаење и ангажман - до зајакнување и учество" (оригинал: "From Knowledge and Engagement - to Empowerment and Participation "), која е финансирана од страна на Мулти-партнерскиот фонд на Партнерството на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (УНПРПД МПТФ). Програмата ќе се спроведува во период од 24 месеци со буџет од 300.000 УСД, кој целосно го покрива УНПРПД МПТФ.

Во рамките на подготвителните активности на програмата, телото даде свој придонесе и во изработката на ситуационата анализа на земјата, која резултираше со подобро разбирање на контекстуалните фактори кои влијаат врз имплементацијата на КПЛП и ЦОР, како и предусловите за вклучување на лицата со попреченост.

Членови од Националното координативно тело дадоа придонес на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, кој се одржа на 17ти и 18 ти ноември 2021 година.

Реализираните активности за 2021 година на министерствата кои се членови на координативното тело, следуваат подолу во текстот на Извештајот.

# Министерство за образование и наука

| Бр.на препорака | Препорака од Комитетот на ООН | Планирана активност | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>- Измена и дополнување на Законот за основно образование во функција на имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка | - Законот за основно образование е изменет и дополнет во функција на имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>- Врз основа на функционалната проценка и наодот и мислењето од страна на стручните тела, учениците со попреченост добиваат образовна асистенција во основните училишта почнувајќи од учебната 2021/22.<br>- Образовните асистенти се обезбедуваат од страна на Ресурсните центри<br>- Нацрт-Правилникот за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка е изработен, во соработка со Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирана активност** | **Постигнати резултати** |
| 43.б | Да донесе план за транзиција за да се обезбеди инклузивно образование на сите нивоа, вклучително и во високообразовните институции за лицата со попреченост | - Продолжување на процесот на трансформација на посебните училишта во училишта со Ресурсен центар<br>- Трансформација на посебните паралелки во | - Изготвени се и усвоени потребните интерни акти (функционална анализа, измени во статутот и актите за систематизација, опис на работните позиции и сл.) за соодветно функционирање на Ресурсните центри. Тековно и континуирано се спроведуваат активности за јакнење на капацитетите на вработените во ресурсните центри, со цел да даваат поддршка на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Центри за поддршка на учењето<br>- Континуирано обезбедување на образовни асистенти на учениците со попреченост, согласно МКФ стручните тела<br>- Овозможување пристап до електронска верзија на учебниците и книгите, за учениците од основно и средно образование и за студентите на високото образование | учениците со попреченост во основните училишта<br>- Предвидени се нови работни позиции во Ресурсните центри за образовните асистенти во основните училишта<br>- Трансформацијата на посебните паралелки во Центри за поддршка на учењето е во тек<br>- Усвоен е Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент<br>- Усвоен е Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент<br>- Во текот на учебната 2021/22 година беа ангажирани и обучени 500 образовни асистенти ширум земјата. Забележан е недостаток на кадар во руралните средини, како и во Скопје, Куманово и Тетово<br>- Реализирана обука за обучувачи за образовни асистенти за 36 стручни лица од ресурсните центри<br>- Обезбедени 218 милиони денари од буџетот за 2022 година наменети за вработување образовни асистенти<br>- Во тек е реализацијата на Проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран" преку кој се обезбедуваат стипендии за деца со попреченост кои се запишани во прво и второ одделение во редовните училишта. Во моментов се исплакаат 462 стипендии. Исто така, преку проектот е обезбедена и дополнителна поддршка во совладување на наставната содржина од страна на 30 тутори. |

| Бр.на препорака | Препорака од Комитетот на ООН | Планирана активност | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 43.г | Да обезбеди универзална пристапност до образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите | - Подобрување на надворешната и внатрешната пристапност, вклучително и адаптирани тоалети, во училиштата и на универзитетите | - Обезбедувањето на пристапноста е задолжителен услов кој треба да се исполни за добивање на финансиски средства за адаптација, реновирање или изградба на училиште со средства од МОН<br>- Завршени се сите подготовки за реализација на градежните зафати во текот на 2022 година за непречен пристап во 14 образовни институции низ државата – 6 основни училишта, 4 средни и 4 факултети преку Акциската програма од ИПА 2 – EU for inclusion<br>- Основни училишта: Лазо Ангеловски – општина Аеродром, Кузман Јосифовски-Питу – Кисела Вода, Братство и Единство – Дебар, Лириа – Тетово, Браќа Миладиновци и Крсте Мисирков – Куманово, Бајрам Шабани- Куманово<br>- Средни училишта: Наум Охридски – Охрид, Гоце Стојчевски – Тетово, Наце Буѓони – Куманово, Раде Јовчевски – Корчагин – Скопје<br>- Факултетите за Архитектура и градежништво, Правниот факултет, Економскиот факултет, Филозофски и Филолошки факултет – Скопје и<br>- Младинскиот културен центар Скопје<br>- Во буџетот за 2022 година, МОН обезбеди буџетски средства за да ја подобри пристапноста на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | дополнителни 4 основни училишта (дополнително треба да се селектираат)<br>- На основните училишта со ресурсен центар им се доделени средства од 2.500.000 денари за набавка на опрема и дидактички средства во функција на поддршка на инклузивното образование. Дополнително за училиштето Златен Сремец од Скопје, со поддршка на Фондацијата Песталоци и Отворете ги прозорците обезбедени се 1.000.000 денари за набавка на опрема и дидактички материјали за училиштето и за центрите за поддршка кои се под нивна надлежност |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирана активност** | **Постигнати резултати** |
| 43.в | Да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, особено на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психосоцијална попреченост и девојчиња со попреченост | - Континуирани обуки за наставниците за инклузивно образование и работа со ученици со попреченост | - Завршена обука за обучувачи за образовни асистенти со поддршка на УНИЦЕФ за 36 стручни лица од ресурсните центри<br>- Измените на Законот за Бирото за развој на образованието се во собраниска процедура; со измените „социјалната и образовна инклузија“ се вклучува во основните компетенции на наставниците<br>- Се спроведуваат обуки за „социјалната и образовна инклузија“ за сите наставници од основните и средните училишта во земјата (со поддршка од проект на ЕУ); активноста ќе продолжи во 2022 година<br>- Во тек е оспособување на наставниците за „премин |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | кон работа во групи“ (наместо „индивидуално учење“), како дел од промовирањето на „универзален дизајн за учење“ |
| | Обезбедување на достапност и пристапност на образовните содржини | - Поддршка на студените со попреченост: обезбедување знаковни преведувачи, придружници, пристап до електорнска верзија на учебниците | - Воведени се нови „дигитални“ пристапни учебници за прво и четврто одделение; воведувањето дигитални пристапни учебници во сите одделенија од основното образование ќе биде завршено за период од 3-5 години<br>- МОН има доставено учебници на Браево писмо до основните училишта кои имаат таква потреба.<br>- Учениците можат да ги користат бесплатните апликации за читање на текст (text-to-speech) на македонски „Кико“ и на албански јазик(„Хана“ |
| | Психосоцијална поддршка на лицата со попреченост во услови на Ковид пандемија | - Екипирање на стручните служби во училиштата за основно и средно образование со тимови од најмалку тројца соработници (педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор)<br>- Поддршка во учењето на лицата со попреченост преку онлајн алатки и платформи | - Изработен е прирачник за психо-социјална поддршка на учениците со попреченост во услови на пандемијата со Ковид-19<br>- Формирана телефонска линија за добивање на психо-социјална поддршка на учениците со попреченост<br>- Во руралните средини и во помалите општини недостасува кадар за комплетирање на стручниот тим на училиштата. Овој проблем дополнително ќе се зголеми со воведувањето инклузивно средно образование |

| Министерство за труд и социјална политика | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права: | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>- Измена и дополнување на законот за социјална заштита<br>- Измена и дополнување на законот за детска заштита<br>- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка<br>- Отстапување на простории за потребите на регионалните стручни тела за функционална проценка во Скопје и Битола | - Во функција на моделот започнати се со работа Националното стручно тело и воспоставени регионални стручни тела за МКФ во Скопје (2), Гостивар, Битола, Струмица; подготовките се во тек (заедно со МЗ) за останатите<br>- Донесени измени и дополнувања на законите за социјалната заштита и заштита на децата и се во функција на имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>Во тек:<br>- Социјалните институции: Топанско Поле, 11 Октомври и Домот за новороденчиња во Битола отстапија простор за три стручни тела за МКФ; правното регулирање на користењето на просторот е во тек<br>- Нацрт-Правилникот за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка е изработен. После усогласување со Секретаријат за законодавство, ќе следи негово попишувања од страна на министрите за труд и социјална политика, за образование и за здравство |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 8.а | Ревидирање на цела легислатива со цел да се | - Имплементирање на Закон за спречување и заштита од | - Избрана нова Комисија за спречување и заштита од дискриминација; обезбеден простор и опрема за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | вметнат сите форми на дискриминација поради попреченост, вклучувајќи дискриминација по повеќе основи | дискриминација<br>- Активности за донесување на Нова стратегија и Национален акциски план за еднаквост и недискриминација | работа на комисијата.<br>Во тек:<br>- Подготовките на нова Стратегија за спречување и заштита од дискриминација (изработен е нацрт) и Акциски план се во завршна фаза. |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 32.а | Да обезбедат соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење | - Поддршка на деинституционализацијата во Специјалниот завод во Демир Капија;<br>- Развој на социјални услуги и тоа услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита<br>- Поддршка за трансформација на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје<br>- Отворање на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Детскиот дом „11 Октомври„<br>- Отворање на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“<br>- Отворање Центар за мајки и | - Отворени се четири станбени единици за живеење со поддршка: два во Демир Капија и два во Неготино, за корисници на Специјалниот завод Демир Капија.<br>- Заклучно со декември 2021 години, има 62 лиценцирани даватели на услуги, од кои:<br>- 11 за услугата лична асистенција,<br>-седум за услугата живеење со поддршка,<br>-еден за рехабилитација и реинтеграција,<br>-19 за помош и нега во домот,<br>-еден за привремен престој за жртви на родово-базирано насилство,<br>-два за привремен престој,<br>-15 за сместување во установа (за стари лица),<br>-четири за услуги на дневен престој,<br>-два за услуги на советување<br>- Заклучно со декември 2021 година како услуга за вон-семејна заштита во згрижувачки семејства се сместени 353 корисници од кои 346 се до 18 години и 7 корисници над 18 години. Од вкупната бројка на сместени корисници во згрижувачки семејства, 91 корисници се со попреченост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | деца при Детски дом „11 Октомври„<br>- Отворање Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“– Битола<br>- Обука за вработените во Центрите за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и Битола | - Отворени се првите два центри за поддршка на згрижувачките семејства при „11 Октомври“ и Домот во Битола; издадена првата лиценца за приватен центар за поддршка на згрижувачките семејства на СОС Детско село<br>- Отворени се центрите за мајки и деца при „11 Октомври“ и при Домот во Битола<br>- Обезбедени обуки за вработените во центрите за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола (теми: згрижување, поддршка на згрижувачите, промоција на згрижувањето), во соработка со УНИЦЕФ. Во соработка со Клиниката за психијатрија спроведена обука за психоо-социјална поддршка на згрижувачите и на згрижените деца во услови на пандемија на Ковид-19.<br>Во тек:<br>- Во тек е подготовка на идеен проект за темелна реконструкција на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје, во соработка со ЕУД |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 32.6 | Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, по пристапни цени, приспособени и со квалитет, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат | - Развој на нови социјални услуги на локално ниво<br><br>- Отворање на дневни центри за рехабилитација и ресоцијализација на лица со | - Во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги кој Министерството за труд и социјална политика го спроведува со заем од Светска Банка, од одобрените 24 апликации на првиот јавен повик до општините и општините на градот Скопје, Министерството досега има склучено 22 договори со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата | попреченост, воспоставување на услугата помош и нега во домот, поголем опфат на услугата лична асистенција, | 25 општини и 22 потенцијални даватели на услуги за доделување на грантови за воспоставување и развој на социјални услуги<br>- Во втората половина на 2021 година, 18 грантисти добија лиценца со што се стекнаа со статус на овластени даватели на социјални услуги, од кои 15 даватели на услугата за помош и нега во домот, еден Центар за дневен престој на деца со попреченост, еден за Центар за активно стареење за стари лица и еден за советување. Од останатите 4 грантисти, 2 се во постапка за добивање лиценца, а 2 се во фаза на воспоставување на социјалната услуга. Заклучно со декември, 2021 согласно последните извештаи на давателите на услуги, вкупно 10 даватели ја обезбедуваат услугата. Во рамките на овие даватели на услугите ангажирани се 126 лица, услугите се испорачуваат на 279 корисници од кои 189 се жени. По завршување на под-проектите, услугите ќе бидат финансирани од државниот буџет. |
| 32.г | Да усвои мерки за обезбедување лична асистенција за лицата со попреченост без разлика на возраста. | - Измени на Законот за социјална заштита од 2019 | - Со новите измени на Законот за социјална заштита, личната асистенција во 2021 година е достапна за деца од 6 годишна возраст<br>- Заклучно со декември 2021 години, услугата лична асистенција ја имаат користено 219 корисници од кои 10 корисници на возраст од 6-18 години, 56 корисници на возраст од 18-35 години, 44 корисници на возраст од 36-45 години, 62 корисници на возраст од 46-55 години и 47 корисници на возраст од 56-65 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | години. Во однос на полот, 116 корисници се од машки пол, 103 корисници од женски пол. Во однос на попреченост, 43 корисници се со потешка телесна попреченост, 87 корисници со најтешка телесна попреченост и 89 корисници со оштетен вид. |
| **Министерство за здравство** | | | |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права. | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади (МКФ)<br>- Промена на систематизација и други внатрешни акти на Здравствен Дом-Скопје<br>- Отворање на седум регионални стручни тела во градовите: Струмица, Штип, Куманово, Велес, Гостивар, Битола и Охрид.<br>- Измена и дополнување на законот за здравствено осигурување. | - Во функција на новиот модел, отворена е нова Служба за функционална проценка на деца и млади, при ЈЗУ Здравствен Дом- Скопје<br>- Извршена е промена на внатрешните општи акти на Здравствен Дом-Скопје и за истите е издадено одобрение од Министерство за здравство<br>- Започнати се со работа Националното стручна тело, две регионални стручни тела во Скопје и регионалните стручни тела во Струмица, Битола и Гостивар<br>- Направени се околу 600 проценки за деца со попреченост во текот на 2021 година<br>- Во тек се подготовките за започнување со работа на стручните тела во Штип, Куманово, Велес, и Охрид<br>- Континуирано течат обуките за МКФ во регионите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка. | каде е планирано отворање на регионални стручни тела<br>- Законот за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување со кој се прецизира дека средствата за партиципација за проценката од која се ослободуваат осигурените лица ќе паднат на товар на Фондот, е влезен во сила.<br>- Законот за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита кој ќе овозможи имплементација на новиот модел за проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади (МКФ), вратен е на доработка во Министерството за здравство<br>- Подготвен е Нацртот на новиот Правилник за функционална проценка и потребата од дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка. Се очекува негово усвојување после усогласување со Секретаријат за законодавство<br>Процесот беше очигледно успорен поради разните ограничувања при примена на мерките за справување со пандемијата со Ковид-19. |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 45.6 | Да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до | - Анализа на законските и финансиските можности за | - Со Законот за изменување и дополнување на законот за здравствено осигурување објавен во „Сл.весник на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исклучоци во Законот за здравствено осигурување кој ги дискриминира лица со попреченост односно ги занемаруваат нивните посебности. | отстранување на ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација<br>- Ревизија и усогласување во содржината на општите акти (правилниците и одлуките) на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија<br>- Измена на одредбата од Законот за здравствено осигурување да се прецизираат случаите на ослободување од партиципација во цената на здравствената услуга на одделни категории лица | РСМ, бр.275 од 27.12.2019 година во сила од 04.01.2020 година, одредените олеснувања во однос на ослободувањето од плаќањето на партиципацијата и зголемениот опфат со ортопедски помагала,беа предмет на подготовка и донесување на општи акти од страна на ФЗО со цел примена на измените во Правилникот за индикации за остварување на правото на ортопедски помагала и Списокот и шифрарникот на ортопедски помагала<br>- Соработката со здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост и во текот на 2021 година продолжи со постојано изнаоѓање на аргументи и доставување на конкретни предлози до ФЗО во корист на обврската за олеснување на обврската за партиципација на лицата со попреченост. |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 45.в | Да усвои план за обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост, | - Обуки за здравствени работници (патронажни сестри, доктори по општа | - Обучени здравствени работници за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пристапот кон попреченоста базирана на човековите права. | медицина и специјалисти по семејна медицина) за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот.<br>- Обуки на здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти, со цел имплементација на мултисекторски пристап кон родово базирано насилство врз лицата со попреченост, | - Обучени здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти за постапување кон жени и девојки, жртви на родово базирано насилство врз лицата со попреченост<br>- Во текот на 2021 година во организација на УНФПА во Центарот за семејна медицина се реализирани две целодневни обуки за 16 здравствени работници за превенција и менаџмент на родово базирано насилство заедно со концептот за правата на лицата со попреченост во областа на здравствената заштита.<br>- Активностите поврзани со рано препознавање и рана интервенција дополнително ќе се координираат со МТСП како и со стручните обуки за работа во телата за функционална проценка (МКФ)<br>- МЗ и давателите на обуките во текот на 2021 работат на подобрување на координацијата околу планирањето и испорачувањето на обуките, но останува да се обезбеди посистемски пристап во нивното планирање за 2022 година. |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 45.д | Да се обезбеди достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените | - Мапирање за обезбедување на здравствени услуги, опрема и средства за | - Извршено е мапирање за обезбедување на здравствени услуги, опрема и средства за сексуално и репродуктивно здравје на девојчиња и жени со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | услуги, со отстранување на физичките препреки до здравствените установи како и да се обезбедат информации во пристапни формати за лицата со попреченост. | сексуално и репродуктивно здравје на девојчиња и жени со попреченост.<br><br>- Подобрување на пристапност и достапност на здравствените установи и услуги за непречено користење од лицата со попреченост. | попреченост и се определени четири јавни здравствени установи (ЈЗУ-ви) во кои во текот на 2022 година ќе биде обезбедена со поддршка на Јапонската амбасада<br>- Проектната единица за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи при МЗ, согласно член 4 став 4 од Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи (сл. Весник бр.91/2013) во текот на 2021 година во рамките на проектираните и изведени реконструкции како и нови градби во јавните здравствени установи обезбеди хоризонтална и вертикална комуникација за движење на лицата со попреченост,а истите правила се применуваа и во постапката на издавање на дозвола за работа на здравствените установи.<br>- Сите проекти кои се работени во 2021 година за реконструкција, адаптација и изградба на здравствени објекти се во согласност со член 11 став 1 и став 2 од Законот за градење, со што се обезбедува непречен пристап на лицата со попреченост до и во објектот на ЈЗУ-ви<br>- Реконструкцијата на дел од партер и сообраќајници во рамки на УКЦ „Мајка Тереза“ Скопје во тек на 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | година е изведена согласно член 11 став 3 од Законот за градење со што е овозможено непречено движење по јавни пешачки патеки за движење на лицата со попреченост<br>- МИОА спроведе постапка за избор на изведувач на промената на веб страната на МЗ што вклучува и обезбедување на веб-пристапност, новата веб страна треба да биде завршена до крајот на 2021. |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 45.ѓ | Да се обезбеди споделување на информациите за сексуалните и репродуктивните права во соодветни формати за сите лица со попреченост, - да се обезбеди достапноста на услугите по основ на род и возраст. | - Анализа за потребата и видот за специјализирана медицинска опрема во терцијарното здравство за потребите на лицата со попреченост, посебно за жените и децата со попреченост<br>- Зајакнување на знаењето на здравствените работници и организациите на лица со попреченост за услугите за Сексуално и репродуктивно здравје, со акцент на планирање на семејство | - Активностите од препораката број 45.в кои се однесуваат на обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост и пристапот кон попреченоста базирана на човековите права, воедно ја опфаќаат и компонентата на обуките за сексуалните и репродуктивните права во соодветни формати за сите лица со попреченост.<br>- Во рамките на обуките се обезбедуваат и информации за сексуалното и репродуктивно здравје во пристапни формати за лица со попреченост, вклучувајќи жени и девојчиња и користење на специјализирани услуги за девојчиња и жени со попреченост во сите делови на државата.<br>- Поради ангажирање на поголеми средства и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Зголемување на знаењето за сексуални и репродуктивни права и услуги за лицата со попреченост и нивните организации<br>- Набавка на специјализирани гинеколошки столови за жени со попреченост и стоматолошки стол за децата односно лицата со попреченост. | кадровски капацитет за справување со пандемијата, во текот на 2021 година не се реализирани обуки за знаењето за сексуални и репродуктивни права и услуги за лицата со попреченост и нивните организации и не се создадени посебни услови за набавка на специјализирани гинеколошки столови за жени со попреченост и стоматолошки стол за децата односно лицата со попреченост. |
| **Бр.на препорака** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 45.е | Активности за подобрување на здравствената грижа за децата со попреченост во услови на незадоволителен пристап до здравствена заштита и недостаток на специјализирани здравствени услуги за децата со попреченост. | - Подготовка за отворање на Центри за рана интервенција за деца со попреченост и поддршка и нивните семејствата | - Министерството за здравство поднесе апликација до претставништвото на ЕУ во Скопје со првична намера за обезбедување на средства за изработка на физибилити студија преку механизмот на Европската унија (EU Integration facility) |

| Министерство за култура | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.на препорак ата** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 55 | Да се ратификува Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лица кои се слепи, лица со оштетен вид и лица на друг начин попречени да користат печатени материјал | - Измени и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права<br><br>- Работилница/експертска мисија на Инструментот за техничка помош и размена на информации на Европската комисија – ТАИЕКС | - Измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права се подготвени во насока на хармонизација со Директивите на ЕУ, како и одредбите во насока на спроведување на Договорот од Маракеш<br>- Во март 2021 беше организирана работилница на ТАИЕКС инструментот, со помош на СЕП и Делегацијата на ЕУ во РС Македонија, а во врска со хармонизацијата со прописите на ЕУ<br>- Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права како стратешки приоритет е предвиден во Програмата за работа на Владата 2020-2024 година, Стратешкиот план на Министерството за култура 2021 – 2023 година и Националната програма за усогласување со правото на Европска Унија – НПАА 2021-2025 година. |
| **Бр.на препорак ата** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 55 | Да се поддржи и охрабри учеството на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и децата, во културни активности. | - Финансиска поддршка на проекти во рамките на Годишната програма за 2021 година на Министерството за култура за финансирање проекти и манифестации од национален интерес во културата<br>- Подобрување на пристапноста до и во објектите на културните установи и обезбедување на пристапни информации за лицата со попреченост | - Преку годишната програма на Министерството за култура за 2021, одобрени се приближно 100 проекти, со вкупен износ од 5,494,166 денари, преку кои се поддржува учеството на лицата со попреченост во културните активности, а се реализираат од страна на национални и локални установи, како и на здруженија на граѓани<br>- Започнати се реконструкции на објектите на НУ „Бели Мугри" во Кочани, НУ „Трајко Прокопиев" во Куманово и објект за театар и НУ „АСНОМ" Гостивар, во кои се опфатени стандардите за пристапност за лицата со попреченост<br>- Изградба на нови објекти- театар и библиотека во Тетово, театар во Струмица и објект за НУ Турски театар во Скопје, во кои се предвидени стандарди за обезбедување пристапност<br>- НУ Музеј Прилеп - поставена пристапна рампа<br>- НУ Струмица -поставена преносна рампа и електромоторен транспортер за инвалидски колички<br>- Археолошкиот локалитет Хераклеа-осовременувањето на пристапната патека до локалитетот, поставен е лифт и пристапни рампи.<br>- НУ Музеј Штип- поставена платформа до просториите и до археолошката и историската поставка.<br>- НУ Музеј-Охрид – поставена пристапна рампа кај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | црквата Св. Богородица<br>- НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје. Реализирана е тактилна изложба на музејски артефакти, претставени на десет тактилни слики со објаснување на предметот на Брајово писмо, фотографија и краток опис. |

## Министерство за транспорт и врски

| Ред. бр.на препорака та | Препорака од Комитетот на ООН | Планирани активности | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 20.а | Да се разгледа легислативата, со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во сите области, особено за објекти, транспортни услуги, други простории и услуги отворени за јавноста | - Ревизија на законската регулатива, со цел зајакнување на одредбите за обезбедување пристапност на објектите за лицата со попреченост<br>- Усвојување нов Закон за урбанистичко планирање<br>- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање<br>- Донесување нов Закон за градење и правилник за стандарди и нормативи за проектирање објекти | - Новиот Закон за урбанистичко планирање е донесен и се применува од 2020 година<br><br>- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање е донесен во 2020 година и ги содржи стандардите за мобилност и пристапност на објекти<br><br>- Новиот предлог Закон за градење е изработен, во процес е на усогласување со институциите<br><br>- Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање објекти доколку е потребно ќе се измени и ќе се изврши усогласување со новиот Закон за градење, после неговото донесување. |

| Министерство за финансии | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.на препорака та** | **Препорака** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 18.а | Да ја разгледа својата легислатива со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во сите простории и услуги отворени за јавноста, и информатички и комуникациски технологии и системи | - Да воспостави „минимални стандарди за пристапност“ на банкарските услуги кои ги даваат приватните финансиски институции за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост | - Одржани состаноци и консултации со банкарскиот сектор<br>- Министерството укажа на банките да ја подобрат пристапноста на нивните услуги<br>- АД Комерцијална банка и Штедилница „Можности“ доставија допис до Министерството за финансии во кој дадоа преглед на пристапноста на нивните услуги за лицата со попреченост |

| Министерство за локална самоуправа | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр. на препорака та** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 20.г | Да усвои национален акциски план за имплементирање на стандардите за пристапност во блиска консултација со организациите на лица со попреченост, со јасно дефинирани временски рамки, одредници за следење и евалуација. | - Усвојување и имплементирање на новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026 година, со Акциски план. | - Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026, со Акциски план е усвоена, во која се испланирани значајни позитивни стратешки и оперативни активности кои ги земаат во предвид и потребите на лицата со попреченост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35.6 | Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата | - Подобрување на пристапноста на услугите во заедницата | - Во рамките на различни проекти и инвестиции, овозможена е или подобрена пристапноста на следниве установи:<br>- Клиничката болница во Штип- пристапна рампа за влез за лица со попреченост.<br>- Во фоајето на мултикултурниот центар во Кочани – адаптиран тоалет<br>- Манастирот Свети Пантелејмон во Нерези- надворешна пристапност<br>- Археолошкиот локалитет-„Хераклеа Линкестис - поставен лифт и соодветна пристапна патека до одредено ниво на висина<br>- Туристичката атракција езеро "Младост„- уредување на игралиште со две тактилни патеки за слепи лица, реквизити и изградба на пристап до плажа<br>- Болница Св. Еразмо- Охрид - реконструкција и опремување на современ центар за физикална терапија<br>- Студентски дом "Кочо Рацин" во Битола - реновирање и приспособување на шест соби за сместување на 15 студенти со попреченост и опремување на инклузивна училница.<br>- Ученички дом „Проф. Мијалковиќ" Куманово - подобрување на условите за целодневен престој на ученици со физичка попреченост кои следат редовна средношколска настава<br>- Дневните центар за лица со посебни потреби во Струмица, Гевгелија, Валандово и Радовиш- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | набавени иновативни реквизити и се спроведува професионална ориентација и рехабилитација за вкупно 53 корисници<br>- Набавка на три специјални возила (патничко комбе) за транспорт на лицата- корисници на услугите на дневните центри |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | | | |
| **Ред. бр. на препорака та** | **Препорака од Комитетот на ООН** | **Планирани активности** | **Постигнати резултати** |
| 18.в | - Да осигура дека пристапот до информациските и комуникациските технологии е достапен на целата територија на државата – членка | - Изработка на национален акциски пан за адаптација на веб страните со примена на стандардите за пристапност за сите владини институции и агенции | - Веб страните на МЗ, МИОА, МНР, МЕ и МВР и се стандардизирани со стандардите за пристап ност |